

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**

**17-25 фев 2025 Билтен бр. 586**

# ЈАКИМОВСКИ ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО ДЕЛЕГАЦИЈА ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОЕКТ ЕРАЗМУС +

**Во рамки на Еразмус + проектот „Rebirth after Destruction – Phoenixes“, во ООУ „Петар Поп Арсов“ – Карпош се реализира мобилност со учество на наставници и ученици од Турција, Романија и Италија. Проектот има за цел да поддржи ученици, наставници и заедници погодени од кризни ситуации преку зајакнување на психолошката отпорност, емоционалната благосостојба, креативните методи за обнова и интеркултурната соработка.**

**Во рамки на нивниот престој, делегацијата денеска оствари средба со градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, каде воедно се запознаа и со работата на локалната самоуправа, тековните проекти и нејзината заложба за поддршка на образованието. Гостите ги презентираа целите на проектот и разговараа за значењето на меѓународната соработка во градењето на поотпорни и инклузивни образовни заедници. Во таа насока, Општина Карпош и понатаму останува посветена на поддршката на ваквите иницијативи, кои ги зајакнуваат образовните врски, културната размена и меѓународната соработка, на тој начин придонесувајќи кон подобра иднина за младите.**



# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПРОЕКТИ ОД КУЛТУРАТА

**Право на пријавување**

**Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани на територија на Општина Карпош кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.**

**Огласот е за проекти од областите: издавачка дејност, фолклор, музичко -сценска дејност, театар и глума, ликовно – уметничка изложбена дејност.**

**Физичките и правните лица потребно е во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги барат средствата.**

**Потребни документи и услови за учество**

**Физички лица:**

**Лична карта во фотокопија,**
**Изработен проект и**
**Финансиски план на проектот.**

**Повеќе инфо на нашата веб страница www.karpos.gov.mk**



# ВО КАРПОШ ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ПОДИГАЊЕ НА ХАВАРИСАНИТЕ ВОЗИЛА

**Во текот на денешниот ден во реонот на населбите Карпош 3 и 4 инспекциските екипи од локалната самоуправа во соработка со колективниот постапувач, вршеа подигање подигање на стари отпадни (хаварисани) возила, согласно Законот за управување со дополнителни текови на отпад.**

**Првенствено се подигаат отпадните возила без регистарски таблички а по истекот на рокот даден со Решение за опомена, ќе се пристапи кон подигање на останатите возила. Со зголемен интензитет оваа акцијата продолжува и во урбаните заедници Влае 1 и Влае 2.**
**Во оваа прилика Општината повторно апелира до сите граѓани кои поседуваат таков тип на возила, особено на оние на кои е залепена налепница и е спроведена инспекциска постапка од страна на инспекциските служби, да ги отстранат своите возила, во спротивно истите ќе бидат остранети на нивен трошок. Возилата ќе бидат транспортирани во собирен центар – депо, каде што ќе бидат оставени 7 дена а потоа ќе бидат однесени на рециклирање.**



# КЦК ПРОДОЛЖУВА СО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НИЗ КАРПОШ

**Во организација на Креативниот центар Карпош – (КЦК), денеска попладне во ООУ „Јан Амос Коменски“ беше реализирана обука за професионален развој на наставниците по хемија и физика, кои ја одржуваат својата настава во основните училишта во Карпош.**

**Во таа насока, проф. д-р Методија Најдовски од Институтот за хемија од Природно – математичкиот факултет во Скопје кој воедно е и долгогодишен соработник на КЦК, ги едуцираше наставниците од Карпош, изведувајќи пред нив специфични експерименти од областа на електохемијата. Целта на овие стручни обуки наменети за наставниот кадар од Карпош е да се подобрат нивните компетенции за експериментална работа со основците, во рамки на училишната настава. Покрај стручниот пристап, наставниците добија и практични совети како на интересен начин да го привлечат вниманието на учениците и на тој начин да ја разбудат нивната љубопитност за истражување на природните науки, односно на физиката и хемијата. Во оваа пригода, секое основно училиште од Карпош доби и мини – сетови со пет различни експерименти за електролиза, кои ќе бидат дел од наставната програма на основците од Карпош. Инаку и оваа година во континуитет продолжува повеќедецениската соработка меѓу Креативниот центар Карпош и локалната самоуправа, која со право ја рангира Општината на високата лидерска позиција, од аспект на осовременување на училишната настава во Македонија.**



# ЗАПОЧНАА КОШАРКАРСКИТЕ УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ

**Вчера започнаа натпреварите од пролетниот дел во кошаркарската лига за основните училишта во Општина Карпош.**

**Резултатите од 8 коло се следниве:**

**ООУ Петар Поп Арсов – ООУ Јан Амос Коменски 34 – 22**

**ООУ Војдан Чернодрински – ООУ Лазо Трповски 21 – 26**

**ООУ Владо Тасевски – ОУ ИПС 31 – 37**

**ООУ Димо Хаџи Димов – ООУ Христијан Тодоровски Карпош 18 – 20**



# СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ОПШТИНАТА САНИРАНИ ДВА ЛИФТА ВО КАРПОШ

**Согласно планот и стратегијата на Општина Карпош кои во континуитет ги спроведува во насока на субвенционирање при поставување на нови и реконструкција на стари лифтови во станбените згради на своја територија, локалната самоуправа од својот Буџет исплати вкупно 825.500 денари за санација на два лифта.**

**Станува збор за реконструкција на лифтот во зградата на ул. Никола Русински бр. 3А/1, за која Општината им исплати на заедницата на станари 325.500 денари, како и санација на лифтот во колективниот станбен објект на бул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 70А, за чија намена локалната самоуправа одвои 500.000 денари.**

**Со санацијата на старите лифтови се зголемува безбедноста на граѓаните кои го користат ова транспортно помагало, а Општина Карпош и понатаму продолжува со оваа акција за субвенцирање, која има за цел да го подобри животниот стандард на карпошани.**



# КАРПОШ МУ ОДДАДЕ ПОЧИТ НА КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ – ПИТУ

**Четиричлената делегација од Општина Карпош предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски, Секретарот на локалната самоуправа, Весна Стефанова, членот на Советот, Славко Митревски и претставници од општинската администрација, положувајќи цвеќе пред споменикот на македонскиот народен херој Кузман Јосифовски – Питу, денеска му оддадоа почит на големиот македонски херој кој пред повеќе од осум децении го жртвуваше својот живот пред олтарот на татковината.**

**Позитивно сум изненаден од големото присуство на овој настан. Ова само потврдува дека нашата локална самоуправа и понатаму треба да дава поддршка на Сојузот на борци при што го замолам Советот на Општина Карпош заедно да донесеме одлука да ја деблокираме сметката на ова здружение. Лично сметам дека нема да го оптовариме општинскиот буџет ако секоја година издвојуваме парични средства за активностите коишто ги заслужувате. И мојата столица и столиците на сите советници кои седат, не е направена од пластика, железо и текстил, туку е направена од коските, крвта и месото на Кузман Јосифовски – Питу и неговите другари. Затоа мора да искажеме должна почит поддржувајќи ги вашите активности какви што се, негувањето на традицијата на Народноослободитената борба која ја пренесувате на најмладите граѓани на територија на општина Карпош – истакна пред присутните градоначалникот Јакимовски.**

